ИНСТИТУТ
ЗА ЕКОНОМСКИ
СТРАТЕГИИ И
МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ
ОХРИД

**Предмет: Покана**

Почитувани,

Ве покануваме на презентацијата на резултатите од вториот извештај од проектот „Мониторинг на лидерство 2“, реализиран од **Институтот за економски стратегии и меѓународни односи – ОХРИД.**

Презентацијата на вториот извештај од следењето на активностите на Владата на Република Македонија го покрива периодот ноември 2009 –јануари 2010 година.

Овој извештај, воедно, претставува продолжение на вториот циклус на проектот Мониторинг на лидерство спроведен од страна на Институтот ОХРИД.

Проектот **„Мониторинг на Лидерство 2“** вклучува детални извештаи за активностите на Владата, наспроти активностите што се предвидени во нејзината Програма за работа во тековниот мандатен период. Извештаите се стремат да и дадат јасна слика на пошироката јавност за планираните, остварените и неостварените реформски активности на Владата, преку мониторинг што е базиран на реализирани активности, со конструктивна и компаративна анализа на 10 области од општествено – економскиот живот: **финансиски систем (фискална и монетарна политика), надворешно - трговски систем, трговија, индустрија и инвестиции, социјална политика, образование, земјоделство, надворешна политика, внатрешна политика, здравство, транспорт и градежништво.**

**Презентацијата ќе се одржи на 10ти март (среда) 2010 година во Холидеј Ин, сала Скала 1 со почеток во 12:00 часот.**

Ве молиме за задолжителна потврда на Вашето присуство на тел/факс: 02/ 322 44 57 или на e-mail: info@oi.org.mk.

**Со почит,**

Професор д-р Томе Неновски
Раководител на проектот

М-р Билјана Јанева
Извршен директор

**Институт за економски стратегии и меѓународни односи - ОХРИД**
Димитрије Туцовиќ 24, Скопје, Македонија тел/факс +389 2 322 44 57
www.oi.org.mk; e-mail: info@oi.org.mk